**Одржана шестата Меѓународна конференција за**
**“Квалитет и компетентност 2024“**

Во организација на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија (ИАРСМ) и Македонското здружение на лаборатории и инспекциски тела (МАКЛАБ) во периодот 26-28 септември 2024г., во хотел Силекс, Охрид, се одржа шестата Меѓународна конференција на тема „Квалитет и компетентност 2024”.

Конференцијата, предизвика широк интерес кај заинтересираните субјекти пред се кај лабораториите и инспекциските тела.

На настанот свои обраќања имаа: м-р Слободен Чокревски–Директор на ИАРСМ, м-р Магдалена Трајковска Трпевска-Претседател на МАКЛАБ, проф.д-р Вјекослав Живковиќ, Претседател на Хрватското здружение на лаборатории КРОЛАБ, г-ѓа Мирела Зечевиќ-директорка на Хрватската агенција за акредитација, г-дин Дражен Приморац-директор на Босанскиот институт за акредитација (БАТА), г-ѓа Анита Крулановиќ-директорка на Акредатицоното тело на Црна Гора (АТЦГ) и претставниците на ТУРКЛАБ и ЕУРОСВИС.

Тематските целини на Конференцијата беа:

- Новини во инфраструктурата за квалитет
- Улогата на дигитализацијата во одржливоста на лабораториите, Зелени практики во лабораториите
- Акредитацијата и нејзината улога
- Лабораториите за тестирање и калибрација—предизвици и решенија
- Влијанијата на економијата врз развојот на лабораториите и истите, очекувано го предизвикаа интересот на домашни и меѓународни автори, па на Конференцијата беа презентирани вкупно 16 трудови пред околу 70 учесници. Меѓу нив беше презентиран и труд подготвен од учесниците од ИАРСМ.

Целта на Конференцијата беше потенцирање на улогата на лабораториите во целокупниот развој на економијата, со особен фокус на дигиталниот развој на економијата гледано од аспект на дигитализацијата на лабораториите и на инспекциските тела, обезбедување придонес за развој и унапредување на квалитетот и компетентноста на лабораториите, инспекциските и сертификациските тела, лабораториската пракса преку размена на искуства и споделување на знаења.

Во рамките на настанот, ИАРСМ беше домаќин на редовната Регионална средба на телата за акредитација, На тема: Акредитацијата и нејзината улога на средбата беа споделени и разменети развојни исксуства и планови за идни активности на националните тела за акредитација, како и предизвиците и промените со кои се соочуваат во секојдневното работење. Средбата редовно се организира врз основа на Договорите за билатерална соработка на националните тела за акредитација од регионот и пошироко (Србија, Хрватска, Црна гора, Босна и Херцеговина).